РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-908/4 16-05-2025

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањет за пристап до информации од јавен карактер од барателот: , со адреса ул. доставено преку е-меил, заведено со архивски број 08-908/1 од 30.04.2025 година, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

1. **Барањето** поднесено од , со адреса ул. доставено преку е-маил, заведено со архивски број 08-908/1 од 30.04.2025 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Барателот до Агенцијата за администрација на ден 30.04.2024 година поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*„Процент и број на вработените во институцијата поделен по етничка припадност“,*

*„Органограм со раководни позиции на институцијата и имињата кои ги водат истите“,*

*„Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување на вработените.“.*

Имајќи го во предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со бараните информации од јавен карактер, постапувајќи согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР

Изработил:
Контролирал:
Одобрил:
Согласен:

Доставено до:
- Директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.